РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-46581
06. 11. 2020.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање , Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе :

# О Д Л У К А

**за невршење избор на кандидатот по интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање**

1.НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидатот **Зулејха Сефули** за работното место – **Советник за доделување концесии,** Одделение за концесии и меѓуресорска соработка, Сектор води - 1 (еден) извршител, интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 04-413/13 од 08.10.2020 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-4363/1 од 22.10.2020 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1/2020 за унапредување на 10 (десет) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање и исправка на оглас, објавен на ден 26.10.2020 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници Министерството за животна средина и просторно планирање на работно место: – Советник за доделување концесии, Одделение за концесии и меѓуресорска соработка, Сектор води - 1 (еден) извршител,Комисија формирана од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4363/6 од 02.11.2020 година, направи административна селекција согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање. Комисијата состави Записник за измена и дополнување на Записникот од административната селекција за интерен оглас број 1/2020 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-4363/39 од 04.11.2020 година.

По завршената административна селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање со записник бр.04-4363/39 од 04.11.2020 година констатирано е дека Зулејха Сефули не ги исполнува посебните услови предвидени во интерниот оглас и член 25 став (2) од Законот за административни службеници, односно нема доволно искуство за работното место

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Државен секретар

Каја Шукова

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Сметководство